МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ИСТРОРИЈА НА УМЕТНОСТА

II,III и IV година

СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ
техничар за дизајн на облека

Скопје, јуни 2006 година

1. ИДЕНТИФИКАЦСКИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

1.2. Образовен профил, насока и струка на која припаѓа наставниот предмет

1.2.1. **Образовен профил**: за сите образовни профили

1.2.2. **Насока**: *применета ликовна уметност*

1.2.3. **Струка**: *уметничка*

1.2. Диференцијација на наставниот премет: предмет заеднички за насоката

1.3. Година (фаза на изучување на наставниот предмет: II (втора), III (трета) и IV (четврта) година

1.4. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно (неделен контакт): 2 часа

1.4.1. Број на годишно (квота на изучувањето) 72 часа

1.5. Статус на наставниот предмет: *задолжителен предмет*

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставата по *историја на уметност* се:

- Ученикот да се запознае со појавата на феноменот на уметноста, развојот и промените што настануваа во различните цивилизациски епохи, поврзаноста со потребите на разни општествени уредувања, со духовниот, религиозниот и секојдневниот живот и начин на размислување и погледи на светот. Преку запознавање со различните стилови, правци, ликовни творци и нивните дела, кај ученикот да се развива чувството за убаво, да се збогатува ликовниот критериум и сознанијата и искуствата да ги користат во творечката работа и секојдневни потреби;
- да се поттикне и развива кај ученикот интерес и љубов кон ликовната и применетата уметност;
- да воочува естетски и други вредности на материјалната култура и наследството и нивното чување и негување;
- да ги запознае типичните обележја на различните периоди на развојот на уметноста, влијанието на разни општествени појави врз појавата на одреден стил и правец во сликарството, скулптурата, архитектурата и применетата уметност;
- да го развива ученикот ликовниот критериум преку оспособување за анализа и откривање на слоевитоста на ликовното дело: мотив, техника, доминантен ликовен елемент и сооднос со другите ликовни елементи, креативност, „ракопис на творецот“, ликовна порака и др.
- да ја развива способноста стекнатите знаења да ги користи во индивидуалната творечка работа, културата на комуникација, работниот процес и живеење;
- да ги поттикнува емоционалните, естетските и интелектуалните процеси во доживувањето на ликовните дела.

3.ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Со цел успешно да се совладаат поставените цели, потребно е ученикот да има интерес и љубов кон ликовните уметности и дизајнот, и да поседува предзнаења од наставните предмети во основното обрзование: *ликовно образование, историја*, *географија*, да ја сфати корелацијата со содржини од наставните предмети: *македонски јазик и литература, теорија на* форма и *боја, перспектива,* предмет од струките и др.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење за II година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ВОВЕД ВО ИСТОРИЈАТА НА УМЕТНОСТА	2	**Ученикот:** -да се запознае со универзалноста на ликовната уметност, која не знае за простор и време; -дека уметничкото дело има моќ да дејствува само по себе со својот универзален карактер кој е општ за сите времиња и за сите луѓе; -да се запознае со хронолошкиот раз-вој на стиловите во историјата на уметноста од нејзините почетоци, се до најновото наше време.	**Наставникот:** -предава; -објаснува; -презентира примероци; -користи стручна литера-тура.	-Историја; -Географија; -Литература; -Музика
2. УМЕТНОСТА НА ПРАИСТОРИЈАТА	2	-Да се запознае со претпоставките за појавата на уметноста; -да ја познава хронолошката поделба и карактеристиките на каменото време (палеолит, мезолит, неолит); -да се запознае со карактеристиките, наодите и локалитетите од уметноста на	-Предава; -обаснува; -прикажува репродукции; -користи стручна литера-тура.	

		овој период; -да се запознае со карактеристиките и наодите на предисториската уметност на тлото на Македонија и на Балканот.		
4. УМЕТНОСТА НА СТАРИТЕ КУЛТУРИ **4.1. Египетска уметност**	3	-Да се запознае со географската положба, економските и политички услови, хронолошка поделба, култура, писмо; -да ги разбере основните карактеристики на архитектурата (гробна, сакрална и профана); -да ги сознае основните карактеристики во вајарството, техники и стилски обележја; -да ги сознае основните карактеристики во сликарството: минијатури, илустрации во книги на умрените; -да се запознае со карактреристиките на применетата уметност во занаетчиството; -да ги распознава најзначајните примери од уметноста во архитектурата, вајарството, сликарството.	-Предава -објаснува; -покажува примери; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја; -Географија -Египетската и месопотамска уметност
5.2 МЕСОПОТАМСКА И ПЕРСИСКА УМЕТНОСТ	3	-Да ја запознае географската положба, економските и политички услови, религија и писмо; -да ја познава периодизацијата на култура-та: сумерски и акадски период: старо ва-вилонско царство; асирско царство; ново вавилонско царство; персиско царство; -да се запознае со основните карактерис-тики во архитектурата: палати, храмови,	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	

		кралски гробници, урбани целини; -да ги согледа основните карактеристики на вајарството: полна пластика, релјеф; -да ги воочи основните карактеристики во сликарството: мозаички декорации, емајлирани плочки; -да се запознае со достигањата во применетата уметност; -да ги распознава најзначајните примери од уметноста.		
5.3. ЕГЕЈСКА УМЕТНОСТ	4	-Да ја познава географската положба, економските и политичките услови, религија; -да ја познава периодизацијата и најзначајните археолошки локалитети; -да ги разликува основните карактеристики во уметноста, археолошките остатоци и ископувања; -да се запознае со основните карактеристики на архитектурата, вајарството, сликарството и применетата уметност на минојската уметност и да ги распознава најзначајните примери од уметноста на овој период.	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја; -Географија; -Египетска и месопотамска уметност
5.3. ГРЧКА УМЕТНОСТ	10	-Да ги воочува основните белези на грчката култура: географска положба, економски и политички услови, митови, легенди, религија; -да го познава хронолошкиот развој на	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува	-Историја; -Географија; -Македонски јазик; -Наставни

		уметноста на грчката цивилизација; -да ги забележува основните карактеристики на грчкото вазно сликарство; -да се запознае со карактеристиките во архитектурата, нејзиниот развој и видови градби; -да ги распознава стиловите во архитектурата; -да се запознае со основните карактеристики на вајарството: почетоци, развој, стилски обележја и карактеристични примери, творци; -да се запознае со остварувањата во применетата уметност, накит, оружје и сл.	-организира вежби; -користи стручна литература;	содржини од стручните предмети
5.4.ХЕЛЕНИСТИЧКА УМЕТНОСТ	4	-Да се запознае со политичките промени од крајот на 4 и почетокот на 3 п.н.е.; -да го разбере косполитскиот карактер на хеленизмот како резултат на ширењето на културата (освојувањата) на Александар Македонски; -да се запозне со основните карактеристики во архитектурата: храмови, театри, библиотеки, жртвеници, музеони; -да се запознае со карактеристиките на вајарството и остварувањата на Пергамската, Александриската, Антиохиската и Родоската школа. -да се запознаат со карактеристиките на Сликарството, претставниците и остварувањата.		

5.5. ЕТРУРСКА УМЕТНОСТ	1	-Да се запознае со основните белези на етрурската уметност, нејзината географска положба и хронолошка распределба, етнички проблем, теории за потеклото, културата и писмото; -да се запознае со карактеристиките на архитектурата: елементи, материјал, видови споменици, локалитети; -да се запозне со карактеристиките на вајарството: скулптура, штуко украси на храмови, релјеф; -да се запознае со карактеристиките на сликарството: ѕидно, техника, мотиви; -да се запознае со достигањата во применетата уметност, златарство, тераутика; -да знае да ги препознава остварувањата на етрурската цивилизација.	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја; -Географија; -Предметите од стручната настава; -Претходните цивилизации
5.6. РИМСКА УМЕТНОСТ	8	-Да се запознае со политичките и општествените настани и нивниот одраз во уметноста; -да го разбере еклектичкиот карактер на римската уметност; -да ја познава периодизацијата на римската империја; -да се запознае со основните карактеристики во архитектура, многубројните видови градби, нивната намена и материјал на градење; -да се запознае со карактеристиките во	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја; -Географија; -Македонски јазик; -Наставни содржини од стручната настава

		вајарството и хронолошкиот развој; -да ги препознава ликовните дела од римската уметност; -да се запознае со карактеристиките во сликарството (фази); -да се запознае со остварувањата во применетата уметност.		
5.8. АНТИЧКА И ДОЦНОАНТИЧКА УМЕТНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА И НА БАЛКАНОТ	4	-Да се објаснат особеностите на културата и верски со хеленистичкиот свет: формирање на Илирско-македонски архајски стил; -да се запознае со наоѓалиштата и урбаните целини; -да се запознае со белезите во архитектурата, видови градби, намена и материјал; -да се запознае со карактеристиките во вајарството: декоративна камена пластика; -да се запознае со карактеристиките во сликарството-ѕидни и подни мозаици, фреско сликарство, мотиви.	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја; -Уметност на грчката и римската цивилизација
5.9. РАНОХРИСТИЈАНСКА УМЕТНОСТ	3	-Да се запознае со политичките и општествените настани поврзани со појавата на христијанството; -да ги разбере политичките и социјалните услови пред и по 313 години и нивниот одраз во уметноста; -да се запознае со основните карактеристики на уметноста на катакомбите –	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја; -Географија; -Македонски јазик

		намена на простор, саркофази, декорација; -да се запозне со промените во уметноста по 313 година; -да го согледа новиот тип на градба на христијанска базилика, наменета на просторот, (латински и хеленистички тип); -да се запознае со карактеристиките во сликарството; ѕидни и подни мозаици, фреско сликарство, мотиви.		
6.1. РАНОХРИСТИ-ЈАНСКА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА	2	-Да запознае базилики и епископски базилики со крстилници од латински и хеленистички тип; -да ги разликува типолошките разлики; -да се запознае со профаната архитектура (палати и други видови градби); -да се запознае со ранохристијанските ло-калитети во Македонија (Стоби, Хераклеа Лихнид, Скупи, Баргала, Имарет – Охрид, Ахил-Преспа); -да се запознае со карактеристиките на декоративната пластика и содржината на мозаичната декорација.	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја; -Географија; - Ранохристи-јанска уметност
6.2. ВИЗАНТИСКА УМЕТНОСТ	3	-Да се запознае со географски, политички и економски, одредници на византиската уметност; -да ја познава периодизацијата; -да се запознае со карактеристиките во архитектурата и значајните типови на градби според нивната периодизација;	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна	-Историја; -Географија; -Ранохристи-јанска умет-ност; -Античка уметност

		-да се запозне со карактеристиките на декоративната пластика, мозаички декорации, мотиви; -да се запознае со карактеристиките на сликарството-фреско,sидни мозаици, икони; -да ги разликува значајните центри на византиската уметност (Равена, Цариград, Света Гора, Метеори, Киев, Москва; -да се запознае со карактеристиките на применетата уметност.	литература	
7. СРЕДНОВЕКОВНА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА	10	-Да ги запознае економските, социјалните прилики во Македонија и влијанијата од византиската уметност; -да се запознае со периодот од доаѓањето на македонските словени 6-7 век до нивното покрстување и писменост; -да се запознае со остатоците од археолошките ископувања: градби, гробови, керамика; -да се запозне со периодот на првиот подем до падот на Самоиловата средновековна уметност и архитектура; -да ги познава карактеристиките на периодот на повторната доминација на Византија; -да го познава комненскиот и палеолошкиот период во уметноста;	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Географија; -Историја; -Ранохристијанска уметност; -Византиска уметност
8. ВИЗАНТИСКА УМЕТНОСТ ВО	2	-Да ги познава политичките и економските прилики;	-Предава; -објаснува;	-Географија; -Историја;

СРБИЈА		-да се запознае со спомениците од Рашката стилска група – стилски обележја во архитектурата, фреско сликарството, влијанија; -да се запознае со спомениците од Моравската стилска група – стилски обележја во архитектурата, пластична декорација и фескоживопис – влијанија од западната и источната уметност.	-анализира; -покажува репродукции; -упатува; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Византиската уметност
9. СЛИКАРСКИ СОДРЖИНИ ВО ФРЕСКО ЖИВОПИ-СОТ И ИКОНОГРА-ФИЈАТА	2	-Да ги разбира и објаснува сликарските содржини – Големите празници, Христовите страдања, Животот на Богородица, илу-страција на црковни песни, поединечни композиции од разни настани во христи-јанството, Чудата на Исус Христос, портрети на светители и просветители, исцелители, испосници, мачители архе-реи,евангелисти, архангели, ангели вој-ници, портрети на ктитори и др.	-Предава; -објаснува; -упатува; -споредува; -покажува репродукции. .	-Историја; -Македонски јазик
10. СРЕДНОВЕКОВНА УМЕТНОСТ ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА	6	-Да ги објаснува главните белези на за-падноевропската средновековна уметност, политички и економски прилики кај запад-ноевропските народи; -да ја запознае периодизацијата на запад-ната уметност; -да ги разбира карактеристиките на про-тороманичката, романичката и готичката уметност-архитектонски и декоративни обележја, споменици, декоративна плас-	-Предава; -објаснува; -упатува; -споредува; -прикажува репродукции; -организира вежби; -предава.	-Историја; -Географија; -Византиска уметност

		тика; -да се препознаваат најзначајните архи- тектонски остварувања.		

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење за III година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. РЕНЕСАНСНА УМЕТНОСТ	2	**Ученикот**: -да ги познава политичките, социјалните и економските услови во Италија и другите европски земји; -да го разбира поимот преродба која се јавува во сите области на науката, книжевноста, уметноста, како и судирот на средновековието со антиката и формирањето на ренесансната естетика, појавата на хуманизмот и неговото значење за уметноста; -да го објасни значењето на фамилијата Медичи, како покровител на уметноста; -да даде периодизација на ренесансната уметност; предвесници на ренесансата XI-XIV век; -рана ренесанса XV век; - висока ренесанса XIV век.	**Наставникот:** -предава; -објаснува; -споредува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература	-Историја; -Географија; -Македонски јазик; -Средновековната уметност; -Античка уметност

1.1. ИТАЛИЈА, XIII, XIV, XV и XVI век	3	-Да ги познава предвесниците на ренесансата во вајарството и сликарството -Фамилија Пизано, Чимабуе, Дучо, Ѓото; -да ги запознае карактеристиките на раната ренесансна уметност – Фиренца како центар на новото културно и материјално богатство; -да ги разбира карактеристиките во архитектурата, градбите, архитектонските мајстори со универзално образование: Брунолески, Алберти и др.; -да се запознае со карактеристиките на вајарството-оживување на антиката, претставници; -да ги воочува карактеристиките на сликарството, теми, техники, појава на индивидуализам, претставници; -да се запознае со периодот на високата ренесанса – центри: Рим, Милано, Венеција и големите мајстори од овој период.	-Предава; -објаснува; -аналаизира; -прикажува репродукции; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја; -Географија; -Македонски јазик; -Античка уметност; -содржини од предметите од стручната настава
1.2. ХОЛАНДИЈА (Нидерландија) XV, XVI век	2	-Да ги познава основните белези на раната ренесанса-економската положба на Холандија во XIV, XV век и брзиот развој на градовите; -да го објасни судирот на средновековното со новите тенденции во уметноста – претставници на новото: браќата Хуберт и Јан	-Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -користи стручна литература.	-Историја; -Ренесансната уметност; -Средновековната уметност; -содржини од наставните

		Ван Ајк; -да го разбира значењето на Ганскиот олтарник за понатамошниот развој на сликарството; -да ги објасни карактеристиките на високата ренесанса во архитектурата, вајарството, сликарството преку претставниците на времето: Мемлинг, Бош, Бројгел.		предмети од стручната настава
1.3. ГЕРМАНИЈА XV,XVI ВЕК		-Да ја познава политичката положба на Германија, улогата на градовите и раз-војот на уметноста; -да го објасни одразот на судирите на католичката црква врз развојот на уметноста; -да се запознае со позначајните сликарски школи и уметнички центри како и претставниците на раната ренесанса: Лохнер, Франке, Ханс, Холбајн стариот; -да се запознае со високата ренесанса и претставниците: Дирер, Холбајн младиот, Лука Кранах, Гриневалт и др.; -да се запознае со вајарските центри: Келн, Хамбург, Нинберг.	Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -користи стручна Литература.	-Историја -Ренесансна уметност -Средновеков-на уметност; -содржини од наставните предмети од стручната настава
1.4. ФРАНЦИЈА XV, XVI ВЕК	2	-Да се запознае со политичките и економ-ските услови, влијанија од италијанските мајстори кои работеле во Франција (Андреа дел Сарто); -да ја познава фонтенебловската школа:	Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува;	-Историја -Ренесансна уметност -Средновеков-на уметност

		Франческо Приматично – работи во дворецот Фонтенебло; -да се запознае со архитектурата- рекон-струкција на дворецот Лувр; -да се запознае со вајарството – надгробни споменици, фонтани, статуи; -да се запознае со претставниците во вајарството и сликарството (Гужон, Пилон, Жан Клуе, Франсоа Клуе).	-користи стручна Литература.	-содржини од наставните предмети од стручната настава
2. БАРОКНА УМЕТНОСТ	3	-Да ги запознае политичките и општестве-ните прилики во Европа, периодот на контра реформацијата световните и апсолутистичките влијанија; -да го разбира и познава стилот на барокот раскош, ефект на инспирација, универзалност на стилот во одделни земји.	Предава; -објаснува; -анализира; -покажува репродукции; -упатува; -користи стручна Литература.	-Историја; -Македонски јазик; -Ренесансна уметност
2.1. ИТАЛИЈА ВО VII и VIII век	8	-Да се запознае со карактеристиките на барокната уметност во архитектурата, вајарството, сликарството; -да ги познава претставниците на барокот во архитектурата: Бернини, вајарството, сликарството: браќата Карачи, Караваџо, Гвидо Рени; -да се запознае со карактеристиките на уметноста на 18 век – претставниците: Тиеполо, Гварди, Канелето (Венеција како центар); -да се запознае со барокната применета	Предава; -објаснува; -анализира; -споредува; -покажува репродукции; -користи стручна литература	-Историја; -Ренесансна уметност; -Средновеков-на уметност; -содржини од наставните предмети од стручната настава

		уметност мебел, накит, облека.		
2. ХОЛАНДИЈА VII И VIII ВЕК	3	-Да ги сознае културно-политичките односи; -да се запознае со карактеристиките на сликарството: сликарски школи, одлики, теми, претставници: Франц Халс, Рембрант Ван Рајн и неговите наследници.	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литера-тура.	-Историја на ренесансна уметност; -Средновеков-на уметност; -содржини од наставните предмети од стручната настава -
2.3.ФЛАНДРИЈА VII И VIII ВЕК	3	-Да ги сфати карактеристиките на умет-носта на Шпанија, влијанието на итали-јанската и холандската ренесанса за развојот на шпанската уметност; -да ги запознае уметничките центри Мадрид, Толедо, Валенција, Севиља); -да се запознае со главните претставници и нивните карактеристики: Ел Греко – мани-ризам, претставници на златниот период: Зурбаран, Херера, Муриљо, Веласкез; -да го запознае сликарството на Франциско Гоја.	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -организира вежби; -користи стручна литература.	-Историја на барокната уметност во Италија и Холандија; -Македонски јазик; -содржини од наставните предмети од стручната настава -
2.4. ШПАНИЈА ВО VII И VIII ВЕК	4	-Да ги разбира карактеристиките на уметноста на Шпанија, влијанието на италијанската и холандската ренесанса за развојот на шпанската уметност;	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува	-Историја на барокната уметност во Италија и

		-да се запознае со уметничките центри (Мадрид, Толедо, Валенција Севиља); -да ги запознае главните претставници и нивните карактеристики: Ел Греко – маниризам, претставници на златниот период: Зурбаран, Херера, Муриљо, Веласкез; -да се запознае сликарството на Франциско Гоја.	репродукции; -користи стручна литература	Холандија; -Македонски јазик; -содржини од наставните предмети од стручната настава
2.5. ФРАНЦИЈА VII И VIII ВЕК	2	-Да ги познава економските и политичките прилики; -да се запознае со влијанијата од уметноста на континентот; -да ги сфаќа одликите на архитектурата, вајарството, сликарството; -да се запознае со претставниците: Хогарт, Рејнолде, Гензборо.	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја на барокната уметност
3.1. НОВОВЕКОВНАТА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА	5	-Да запознае историски, политички, економски, црковни и културни прилики под власт на османлиските Турци; -да се даде преглед на зачувани сакрални постивизантиски споменици, нивните карактеристики и градителски принципи од XV-XIX век: цркви, манастирски комплекси; -да се запознае со градителскиот опус на А. Дамјанов (спомениците во Македонија и надвор: Врање, Ниш, Смедерево, Сараево, Мостар). -да се запознае со профаната архитектура; карактеристиките на македонската куќа и	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја: -византиската уметност; -средновековната уметност; -македонска уметност

		нејзиниот развој.		
3.2. ИСЛАМСКИ СПОМЕНИЦИ ОД XV И XIX ВЕК	2	-Да е оспособен да даде преглед на сакралните и профаните исламски споменици од XV-XIX век; -да ги објасни карактеристиките на градителските принципи: споменици во Скопје, Тетово, Битола, Штип, Велес и др. (џамии, текија, медреси, анови, амами, саат-кули, мостови, безистени, сараи, караван, турбија и др.).	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	
3.3. ЖИВОПИСОТ ОД XV И XIX ВЕК	4	-Да го познава поствизантискиот живопис во новите историски, политички, црковни и културни прилики од XV И XIX век; -да се објаснат стилските карактеристики на групните сликарски споменици и поважните зографи; Лонгин, членови на фамилијата Рензовци – Зогравци, Папрадишки и др.	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја -Византиска уметност; -предметите од стручната настава
3.4. ИКОНОПИСОТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XV И XIX ВЕК		-да го запознае развојот на иконописот во Македонија од XV И XIX век; -да даде преглед на позначајни остварувања на иконописани дела во разни временски периоди; -да ги објасни стилските и иконографските одлики, технички и технолошки измени во изработката на иконите, појавата на маслена техника во сликарството на иконите, наменета на иконописаните дела.	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Византиската уметност; -содржини од наставните предмети од стручната настава
3.5. ДЕКОРАТИВНА-	5	-Да даде преглед на декоративната пласти-	-Предава;	-Историја;

ТА ПЛАСТИКА ВО XV И XIX ВЕК		ка во камен, дрво и метал од XV И XIX век (иконостаси, порти, царски двори; -да се запознае со позначајните споменици (Св. Спас, Бигорски, Лесново, Слепче; -да даде осврт на генезата на резбарството во Македонија, творештвото на Мијачката копаничарска школа од VIII-XIX век.	-објаснува; -анализира; -прикажува репродукции. .-користи стручна литература	-Византиска уметност -предмети од стручната настава

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење за IV година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ЕВРОПСКА УМЕТНОСТ XIX-XX ВЕК	3	Ученикот: -да ги запознае историските, политичките, економските, црковните и културните карактеристики на времето; -да ги објасни развојот на естетските и стилските етапи од неокласицизмот до појавата на модерната уметност и современите традиции во ликовното творештво во Европа и САД; -да ги запознае со развојот на сликарството, цртежот, графиката, развојот на склуптурата и развојот на архитектурата; -пластичното и визуелно творештво: применетата уметност, индустрискиот дизајн и др.	Наставникот: -предава; -објаснува; -анализира; -споредува; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја; -Античката уметност; -содржини од наставните предмети од стручната настава
1.1. НЕОКЛАСИЦИЗАМ	4	-Да ги објасни основните стилски карактеристики и периодизацијата на неокласистичката уметност во архитектурата, сликарството, вајарството и применетата	-Предава; -објаснува; -аналаизира; -прикажува репродукции;	-Историја; -Античка уметност; -предметите од

		уметност во Франција; -да ги запознае претставниците во уметноста и нивното творештво; -да ги познава најзначајните сликарски дела на правецот; -да ги даде битните карактеристики на неокласицизмот во другите европски земји.	-организира вежби; -користи стручна литература.	стручната настава
1.2. РОМАНТИЗАМ	4	-Да се запознае со битните карактеристики (услови) за појава и развој на романтизмот во сликарството, скулптурата и архитектурата; -да се објасни значењето на Гоја како предвесник на романтизмот; -да го запознае творештвото на претставниците: Жерико и Е. Делакроа; -да сознае особености на француското пејзажно сликарство на барбизонската школа; -да ги запознае карактеристиките и претставниците на вајарството: Бари, Рид; -да даде краток осврт на романтизмот во другите европски земји – англиските пејзажисти: Констејбл, Тарнер.	-Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја; -Македонски јазик и литература; -Средновековната уметност; -содржини од наставните предмети од стручната настава
1.3. РЕАЛИЗАМ	3	-Да ја објасни појавата на реализмот во Франција – појава причини и битни карактеристики; -да ја објасни реакцијата на романтичарските идеализирани содржини од митоло-	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна	-Историја; -Македонски јазик и литература; -предметите од

		гијата, алегоријата, сликарството на видливиот материјален свет; -да ги запознае делата на претставниците: Миле, Курбе, Домие; -да се даде краток осврт на романтизмот во другите европски земји.	литература.	стручна настава
1.4.ИМПРЕСИОНИЗАМ	4	-Да се запознае со појавата на импесионизмот во Франција – причините за појава, откритијата во оптиката, атмосферата, светлината, структурата на бојата, сликање во pllelin aire техника, динамика на обоените дамки; -да ги запознае претставниците на правецот: Мане, Моне, Писаро, Сисле, Дега, Реноар, Лотрек во сликарството и Роден, Мајол, Бурдел во вајарството; -да знаат да се препознаваат нивните уметнички остварувања.	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	
1.5. НЕОИМПРЕСИОНИЗАМ	2	-Да ги објасни основните стилски карактеристики, начин и техника на сликање; -да ги запознае претставниците на правецот: Сера, Сињак; -да умее да го препознава нивното творештво;	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	
1.6. ПОСТИМПРЕСИОНИЗАМ	4	-Да ја објасни реакцијата кон импресионизмот; -да ги запознае претставниците на различните сликарски доктрини: Пол Сезан, Ван Гог, Пол Готрен;	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна	-Импресионизам; -предмети од стручна настава

		-да ги препознава нивните сликарски карактеристики и најзначајните дела;	литература.	
1.7. СИМБОЛИЗАМ И СИНТЕТИЗАМ **-Преминот меѓу XIX и XX век**	3	-Да ги објасни карактеристиките на симболизмот и синтетизмот; -да ја запознае уметноста на Арт Нуво – нејзините карактеристики, декаденција, влијанието на изминатите стилови, динамика на линијата, доминација на арабеската и декоративноста во сликарството, архитектурата и применетата уметност; -да ја запознаат претставниците: В. Морис, В. Блејк, Г. Ајфел; -да се објасни појавата на набизмот, нејзините карактеристики и претставници.	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Филозофија; -Постимпресионизмот
1.УМЕТНОСТА НА ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК **2.1. ФОВИЗАМ**	3	-Да ги запознае основните карактеристики на уметничките сфаќања на почетокот на 20-от век; -да ги објасни општите карактеристики на фовизмот како правец во уметноста; -да го сфати творештвото на правците на фовизмот: Матис, Марке, Дерен, Вламенк, Русо. -да ги познава значајните уметнички остварувања на фовизмот.	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература	-Уметноста од втората половина на XIX век; -Филозофија
2.2. КУБИЗАМ	3	-Да ги разбира општите карактеристики на кубизмот како правец во уметноста: пред кубистичка и кубистичка фаза; -да се запознае творештвото на претставниците на кубизмот: Пикасо, Брак;	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна	-Уметноста на Сезан; Филозофија; -Перспектива

		-да се познаваат значајните уметнички остварувања на уметниците; -да се запознае уметноста на кубистичките склуптори.	литература	
2.3. ЕКСПРЕСИОНИ-ЗАМ	3	-Да ги сфати економските и политичките услови пред Првата светска војна; -да го спореди влијанието на фовизмот врз германскиот експресионизам; -да ја објасни концепцијата на уметноста на групите „Мост“ и „Синиот јавач“; -да ги познава значајните ликовни оства-рувања на уметниците.	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја; -Филозофија; -Уметноста на Ван Гог и Гоген; -Уметноста на фовизмот
2..4. ФУТУРИЗАМ	2	-да се запознае со атмосферата на анархизмот во Италија -1910 година; -да се објаснат општите карактеристики на фовизмот како правец во уметноста – манифестот на Маринети; -да се запознае творештвото на претстав-ниците на футуризмот.	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја; -Уметноста на импресониз-мот на кубиз-мот; -Филозофија
2.5. АПСТРАКНА УМЕТНОСТ	3	-Да ги разбира карактеристиките на апстракцијата и конструктивизмот во Русија; -да го запознае значењето на руската авангарда; -да го објасни супрерматизмот: Маљевиќ, Лисицки; -да го објасни конструктивизмот-скулпту-рата на В.Татљин, А.Ронеченко.	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја; -Уметноста на почетокот на XX век; -Филозофија
	6	-Да ја објасни појавата на апстрактната	Предава;	-Историја;

3.УМЕТНОСТА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ		уметност во другите европски земји; -да даде краток осврт на Холандија – Де стил, Германија-Кландински, Франција, Англија; -да ја разбира појавата и значењето на Баухаус: Кандински, Кле, Наѓ; -да ги запознае карактеристиките на метафизичката школа, појавата на дадаизмот и надреализмот – манифестот на Бретон; -да даде осврт на европската авангарда во 30-те години – Модиљани, Купка, Дифи, Шагал, Дали, Ернест; -да ги запознае карактеристиките и претставниците во склуптурата;	-објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Филозофија; -Правците на XX век.
4. УМЕТНОСТА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА	5	-Да ги познава со карактеристиките и претставниците на апстракниот експресионизам и акционо сликарство во САД; -да ги запознае карактеристиките на сликарството на обоено поле (М.Ротко); -да ги познава карактеристиките на Британската скулптура (Х.Мур); -да разбира особеностите на апстракната склуптура и конструкција; -да ги запознае карактреристиките на уметноста на Поп-Арт, Оп-Арт, Видео-Арт;	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература	-Историја; -Филозофија; -Уметноста на почетокот на XX век
5.УМЕТНОСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА	2	-Да се запознае со политичките и економските услови во Македонија при крајот на	Предава; -објаснува;	-Историја; -Уметноста на

МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XIX ВЕК ДО ДЕНЕС		XIX век и почетокот на XX век, културната атмосфера, формирањето на граѓанската класа; -да ја објасни појавата на профаното сликарство кај поедините зографи: Папрадишки и Зографски и карактеристиките на нивното творечко дело.	-анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	Европа од XIX век
5.1. УМЕТНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ	8	-Да ги запознае политичките и социјалните прилики во Македонија по балканските војни и Првата светска војна. Вардарска Бановина, економска криза и шестојануарска диктатура; -да се запознае со ликовниот живот во Скопје: први самостојни изложби и создавање на Друштвото на југословенски уметници; -да се запознае со школувањето и дејствувањето на македонските уметници надвор од Македонија и раѓање на македонската современа уметност; -да се запознае со претставниците на првата генерација: Пандилов, Мартиноски, Личеноски, Коџоман, Тодоровски, Цицо, Белогаски и др.	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции; -користи стручна литература.	-Историја; -Уметноста на XIX почеток на XX век
5.2. УМЕТНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА ПО 1945 ГОДИНА	6	-Да ја запознае појавата на социјалистичкиот реализам, економските услови во бивша Југославија; -да ги објасни приликите во Македонија за	Предава; -објаснува; -анализира; -прикажува репродукции;	-Историја; -Уметноста на Европа од XX век

		слободен културен развиток, отворање институции од областа на културата; -да ги објасни влијанијата од уметничките центри на Југославија и Европа; -да ги запознае стилските карактеристики; -да запознае претставници во сликарството, вајарството и архитектурата.	-користи стручна литература.	

4.2. Наставни методи и активности во учење

За остварување на целите на наставниот предмет ***историја на уметност*** ќе се применуваат следните наставни форми и методи: фронтална и индивидуална форма на работа. Од методите: живиот збор, разговорот, анализата, споредувањето. При реализацијата на програмата треба посебно внимание да се посвети на користењето на посочената литература, бидејќи овој материјал е специфичен, обемен и обработен од голем број автори. За успешно реализирање на содржините од наставниот предмет, неопходно е да се користи компаративен материјал: филмови, дијапозитиви, видео и други технички средства, посета на музеи, галерии и културно-историски споменици, археолошки локалитети и други можности.

Учениците ќе ги совладуваат наставните содржини преку набљудување, насочување, организирање вежби и визуелно следење на одделни содржини.

Наставникот првенствено ќе вложи напори за организација на работата, да изработи квалитетен годишен и глобален тематски план за работа соодветен на условите на училиштето, претходните знаења на учениците и другите услови. Подготовката на дидактички средства ќе биде перманентна задача на наставникот како и демонстрациите и упатствата во работата. Наставникот треба континуирано да ги надградува своите стручни сознанија користејќи стручна литература и други можности.

4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Наставата ќе се реализира во училница или соодветен кабинет во две полугодија од II-IV година со неделен фонд на часови. Во рамките на реализацијата на наставните содржини, преку екскурзии и посети неопходни се проучувања на позначајните културно-историски споменици: археолошки локалитети, архитектонски урбани целини, сакрални објекти, музеи, галерии, актуелни изложби и др. Пожелно е да се организираат наставни часови непосредно во културно-историските споменици.

4.4. Наставни средства и помагала

За успешно реализирње на содржините од наставниот предмет, неопходно е да се користи компартивен материјал: филмови, дијапозитиви, репродукции, видео и други технички средства и можности. За едукација на учениците ќе се користат стручни списанија и соодветна стручна литература.

5.ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Процесот на оценувањето ќе се одвива низ повеќе фази на реализацијата на наставата: преку активноста, интересот, вниманието и усвојувањето на секоја одделна тема. Оценката е резултат на сите активности во редовноста на извршувањето на задачите, дополнително се надградува преку изработка на тестови за проверка на знаењата преку што треба да се согледа целокупното знаење од оваа програма. Индивидуалната и инспиративната работа на ученците ќе биде посебно поттикнувана и валоризирана. Нереализирањето на програмските задачи се санкционираат со упатување на поправен испит.

6.КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот треба да ги поседува следните персонални, стручни, педагошки и хуманистички карактеристики: да е физички и психички здрав, да има соодветно стручно образование, да биде обучен во рамките на барањата што ги поставува законот, да нема говорни и визуелни мани кои би го попречувале вршењето на дејноста и поседува способности за квалитетна комуникација со учениците и други лица. Наставникот треба да е оптимистичка личност и да има позитивни и хуманистички ставови кон животот и луѓето. Личноста на наставникот треба да поседува креативни, организациони и други способности кои ќе овозможат унапредување на наставниот процес.

6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии на:
-Филозофски факултет – историја на уметност со археологија

6.3. Стандард за простор

Наставата по ***историја на уметност*** ќе се реализира во соодветен кабинет опремен со завеси за затемнување на просторијата за проектирање на визуелен материјал и можности за осветлување според барањата на наставата. Кабинетот треба да биде и опремен со мебел и материјално-технички средства, помагала, стручна литература и друго спроед Нормативот за уметничкото училиште.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

17.1. Датум на изработка: мај 2001 година

7.2. Состав на работната група:

-Ана Груевска, дипл. историчар на уметност – професор во ДСУПУ „Лазар Личеноски“-Скопје
-Жарко Тоз, дипл. историчар на уметност – кустос во Уметничката галерија- Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на примена:01.09.2001 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната прогрма за предметот ***историја на уметност*** ја одобри(донесе) министерот за образование и наука со решение број_____од _____